**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-71/4**
**Скопје, 19.03.2024 година**

Записник од деведесет и девета седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 19.03.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Иџет Мемети Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-Арбер Исаку член
г-ѓа Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димириеска констатираШе дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на деведесет и деветата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 98 (деведесет и осма) седница на Советот.
2. Разгледување на иницијативата за уставност и законитост на Законот за изменување на платите на членовите на Советот.
3. Поднесување на барање до Собранието на РСМ и Министерството за информатичко општество, по однос на предлог Законот за административни служнбеници.
4. Номинирање на член и заменик член на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
5. Номинирање на член и заменик член во Комисијата за ревизија на испити при Академијата за судии и јавни обвинители.
6. Разно.

Пред да се помине на усвојувањето на дневниот ред од деведесет и деветата седница, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека има техничка грешка во точката 4 и точката пет од дневниот ред. Воедно кажа дека точката 4 треба да гласи:

- Номинирање на заменик член на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, а точката 5 ќе гласи
- Номинирање на член во Комисијата за ревизија на испити при Академијата за судии и јавни обвинители.

Вака изменетиот дневен ред едногласно бепе усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 98-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на иницијативата за уставност и законитост во Законот за изменување на плати на членовите на Советот на јавните обвинители на РСМ. Кажа дека Собранието го донел законот за изменување на законот за платите на членовите на Советот, кој бил објавен во Службен весник на РСМ на ден 29.02.2024 година, како и законот за изменување на законот за плати за јавните обвинители. Воедно кажа дека со овие измени се интервенира во платите на членовите на Советот на начин што се намалука коефициентот на плата со што се намалуваат и платите на членовите на Советот. Во врска со оваа точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска отвори дускисија.

Збор зема г-дин Иџет Мемети кажа дека ја има добиено предлог иницијативата за одредбите кои се изменети во Законот за Советот и Законот за Јавното обвинителство на РСМ, со кои ги регулираат прашањата по однос на платите. Смета дека нацрт иницијативата е добро концепирана и содржајна, како и кажа дека има и забелешки кои треба да бидат вградени со цел подобрување на текстот. Како прво укажа дека во дневниот ред стоело уставност и законитост, смета дека тука станува збор за техничка грешка и дека зборот законитост треба да се избрише, од причина што во овој случај се работи за неусогласеност на закон со Уставот, а не за законитост на подзаконски акт. Второ смета дека неможе да се спорат одредби на два закони, кои се во колизија затоа што за таква работа не е надлежен Уставниот суд. Кажа дека тоа може само Собранието на РСМ. Смета дека со оваа постапка Собранието демонстрира некозинстентност на правни решенија утврдени во различни одредби од законот со што создава неконзистентност. Исто така се создава и правна несигурност кај носителите на функциите засегнати со овие измени, со што се повредуваат темелните вредности на уставот. Смета дека постои неправичност помеѓу сите носители бидејќи има носители на јавни функции кои не се опфатени со овие измени на законот, и е на мислење дека за сите функционери треба да имаат ист пристап, а тие иста достапност до платите. Воедно смета дека е добро да се предложи и времена мерка.

Исто така смета дека пасусот кој се однесува за односот на трите власти треба да се избрише, од причина што со тој пасус ние му го оспоруваме правото на Собранието на РСМ да донесе закони што смета дека не е во ред.

Г-дин Ермон Незири се согласи со колегата Иџет Мемети и кажа дека иницијативата ја има рагледано и смета дека Советот како највиисоко тело во структурата на Јавното обвинителство, треба да ја поднесе оваа иницијатива. Воедно кажа дека согласно член 2 од Законот за Советот на јавните обвинители, стои дека Советот е самостоен орган кој ја обезбедува и гарантира самостојноиста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција и дека со оваа иницијатива би се оспорил и законот за изменување на плати на јавните обвинители.

Г-дин Влатко Георгиевски постави прашање дали може Уставниот суд да ја отфрли иницијативата.

Г-дин Иџет Мемети кажа дека истата не може да биде отфрлена, од причина што би се утврдила поинаква пракса на уставниот суд. Пракса е ако има неколку иницијативи со слична или иста содржина ги спојува во еден предмет.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска се согласи со искажаното од страна на колегите и смета дека Советот треба да поднесе иницијатива до Уставниот

суд. Истакна за да се зачува статусот и положбата на јавните обвинители платите треба да бидат надвор од овие влијанија и дека на јавниот обвинител во секое време мора да му се обезбеди чувство на сигурност од надворешни притисоци и не би требало да има влијание од моментални политички случувања во државата. Воедно кажа дека платите на јавните обвиунители се регулирани со посебни закони и смета дека Советот не треба да се споредува со останатите носители на јавни функции во РСМ.

Откако никој не зема збор по оваа точка од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање предлогот за поднесување на иницијатива пред Уставниот суд.

Едногласно сите членови на Советот гласаа да се поднесе иницијатива пред Уставниот суд вов врска со измената на Законот за измена на платите на членовите на Советот и платите на јавните обвинители.

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Дишица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека како точка на дневен ред на 138ма седница на Собранието на РСМ, бил ставен предлог на Закон за административни службеници, каде што во делот на додаток на плата во членот 76 стои дека на државни службеници вработени во министерствата и секретаријатите на Владата на РСМ, име се исплаќа додаток на плата во висина од 15% од износот на основната плата, поради специфичноста надлежности на министерствата и секретаријатите во однос на креирањето на политиките и вршењето на нормативната дејност во националното законодавство и при усогласувањето со правото на ЕУ. Воедно истакна дека државните службеници во Советот на јавните обвинители на РСМ, не се опфатени со овој закон, со што не би можеле да го добијат овој додаток на плата, поради што смета дека треба да се поднесе барање до Собранието на РСМ и до МИОА за да се интервенира во предлог законот за административни службеници на начин што ќе бидат ставени и државните службеници во Советот во член 76 ст.3 од Законот за административни службеници. Смета дека ова е основано барање и дека со ова ќе се надмине третманот на држаните службеници во Советот на јавните обвинители, споредено со државните службеници кои сега се опфатени во членот 76 ст.3 од предлог законот. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-дин Иџет Мемети кажа дека со оглед на покачувањето на плати во други институции и пензии се наметнуваат ваков вид проблеми во друг сектор на јавните служби. Кажа дека системот на кариера е не функционален. Смета дека ваквиот начин на носење на закони без притоа да се има предвид целиот систем во државата е штетен и создава дополнителни проблеми. Во системот на плати во јавниот ектор има различни решенија, односно парцијални кои вработените во јавниот сектор ги ставаат во нееднеква положба, свеж ни е случајот со вработените во Министерството за финансии и за што е позната одлуката на Уставниот суд. Кажа дека легитимно е Советот да поднесе барање во кое ќе се бара во член 76 ст.3 бидат вметнати и административните службеници во Советот на јавните обвинители. Со став е да се извести директно Претседателот на Собранието на РСМ како и МИОА.

Едногласно сите членови на Советот гласаа да се достави барање до Собранието на РСМ и МИОА во кое ќе стои во членот 76 ст.3 покрај веќе набројаните држани службеници, бидат ставени и државните службеници во Совето на јавните обвинители на РСМ.

Под точка четири од дневнот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот треба да номинира заменик член на УО во Академијата за судии и јавни обвинители. Кажа дека ова место е испразнето, откако претходниот заменик член поднел оставка и воедно за заменик член на УП во АСЈО ја предложи јавниот обвинител Татјана Кацарова-Основен јавен обвинител на ОЈО Штип. Предлогот на Преседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која Основниот јавен обвинител на ОЈО Штип г-ѓа Татјана Кацарова се назначува за заменик член на Управниот одбор во Академијата за судии и јавни обвинители.**

Под точката пет од дневниот ред номинирање на член во Комисијата за ревизија на испити при Академијата за судии и јавни обвинители, Претседателот на Совето г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека со оглед на тоа дека на досегашнио член на Комисијата мандатот ќе му престане по сила на закон поради исполнување на услови за старосна пензија, Советот ќе треба да ноиминира нов член. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-дин Иџет Мемети зема збор и кажа дека за член треба да се постави лице од редот на јавните обвинители и воедно за член на Комисијата го предложи јавниот обвинител во ВЈО Гостивар г-дин Диљавер Бектеши.

Г-дин Влатко Георгиевски постави прашање дали за член на Комисијата треба да биде јавен обвинител од редот на Советот на јавните обвинители, бидејќи он бил номиниран од редот на Советот на јавните обвинители. Доколку треба да биде за член на Комисијата од редот на Советот ја предложи г-ѓа Зорица Павловиќ-јавен обвинител и член на Советот.

Г-дин Иџет Мемети кажа дека во законот стои дека треба да биде од редот на јавните обвинители, а не од редот на членови на Советот.

Од страна на членовите на Советот беше одлучено оваат точка биде одложена за наредна седница на Советот.

Отткако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи деведесет и деветата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**